

**ЕЛИТИ** Навистина сме имале и такви, неодговорни политички елити, кои заради својот материјален интерес и нестивнатата алчност за власт, за позиции, за функции - продуцирале или подгревале нездрава атмосфера и параноја меѓу луѓето. Но, имаме и поинакви можности на политичкото "мени"

# ЗА НАС Е ИСКЛУЧИТЕЛНО БИТНО ДА ГО НА

## ИНТЕРВЈУ: ЕЛИЗАБЕТА ШЕЛАЕВА

КУЛТУРОЛОГ

# Доста ни е од полуписмени политичари




ДМИНЕМЕ СТРАВОТ ДЕКА ЌЕ ИСЧЕЗНЕМЕ

ПИШУВА: ЅВЕЗДАН ГЕОРГИЕВСКИ
*z.georgievski@globusmagazin.com.mk*
ФОТО: АНДРЕЈ ГИНОВСКИ



Интервјуто со универзитетската професорка Елизабета Шелева траеше 15-тина дена. На крајот повторно влеговме во цајт-нот, пребргу го направивме. Во текот на овие 15-тина дена имавме неколку средби и низа телефонски разговори што само ја потврди тезата на авторот на интервјуто дека или Шелева е таков соговорник што секогаш ќе ве провоцира на натамошен дијалог или дека во Македонија, едноставно, се чувствува потреба од дијалог. На крајот на краиштата, поради ограниченоста на просторот, бројните теми се сведоа на неколку, а објавениот разговор ќе се обиде да ја дофати идеалната цел – да му даде мотиви на читателот да размислува.

■ **На почетокот да парафразирам еден стар афоризам, кои денес отприлика би одел вака: „Во Македонија некои години се сушни, некои се дождливи, ама сите се историски“. Еве, се наоѓаме на почетокот на предизборната кампања на уште едни историски избори. Како е можно да апсорбираме, или ајде да создаваме повеќе историја отколку што можеме да поднесеме?**

- Навистина, за Македонците речиси да нема времиња, коишто - според својата тежина, според својот предизвик или обврска да се опстои – не биле или не се историски. Актуелното време пак со себе повлекува и дополнителни искушенија и пресврти, кои се значајни за сите земји, за сите народи, за човештвото во целост. Од една страна, на општ план се соочуваме со глобализацијата, со нејзините комплексни и до крај несогледливи последици, од друга страна, на локален план сè уште се давиме во транзицијата – како акутен, сè уште болен, за жал, недовршен императив.

Ме прашувате како е можно да апсорбираме или да создаваме „вишок“ историја – небаре тоа зависело или и натаму зависи само и исклучиво од нас самите! Нам многу често, можеби и далеку почесто, другите однадвор ни ја создавале или „увезувале“ сопствената историја.

Според моето мислење, таквата ситуација или позиција, кога некој е само „објект“ (подносител, а не создавач) на сопствената историја - е мошне трауматична и на долги патеки погубна, како на индивидуален, така и на колективен план. Резултира токму со чувство на дефетизам, доборооволна поразеност, недоволна самодоверба во сопствените капацитети, константен страв, бескрајни заемни обвинувања, кодошење и префрлање на вината, трошење на најзначајната енергија на дребулии и интриги, блокада на стратешките идеи и заложби.

Да сумирам, ние Македонците отсекогаш сме живееле во тешки историски околности, кои денес се дополнително оптоварени со патогени ефекти - од причина, што споделуваме свет, кој неверојатно брзо се менува, т.е. подлежи на досега невидена акцелерација – при тоа во потполност служејќи му на начелото на профитот, поседот, материјалноста, духовната оскудица, потрошувачкиот кич.

Од друга страна, за нас конкретно е исклучително значајно, наспроти сите наведени состојби – конечно духовно да се обединиме, да ги совладаме катастрофичните претстави за нас како нација и како држава, да го надминеме стравот дека ќе исчезнеме, да се излекуваме од владеачкиот отров на нихилизмот и цинизмот, но и од историски вградениот чип на фатализмот.

■ **Секоја чест на вашите колеги, универзитетски професори што се сега во улога на претседателски кандидати, но не можам да се отргнам од чувството дека и овојпат не се работи са некоја посериозна понуда, или, да кажеме, политички капацитативна понуда. Велат дека во историски времиња се раѓаат историски личности. А јас имам впечаток дека Македонија во историските времиња ја водат прилично лоши политички елити.**

- Не се согласувам со Вашата констатација дека немаме политички или државотворна капацитетна понуда од повеќе причини.

Како прво, актуелното кандидирање на универзитетски професори за претседателските избори го сметам за значаен исчекор од долгогодишниот, во нашата поранешна политичка практика преовладувачки и сам по себе разбирлив „анти-интелектуализам“. Функцијата претседател на државата во највисок степен треба да го отсликува интелектуалниот и моралниот капацитет, односно личниот кредибилитет на дадената индивидуа. Професорите работат со мошне деликатна „материја“ – тие образуваат генерации студенти, при тоа имајќи ја предвид и својата трајна обврска од постојано усовршување на знаењата. Но, не само знаењата, туку и личната одговорност! Мене ми е драго меѓу претседателските кандидати да видам свои колеги – кои се одлично упатени и докажани во своите капацитети, со кои би се гордееле доколку комуницираат со своите собеседници на меѓународната политичка сцена. Доста ни е од полуобразовани, полуписмени политичари, кои ниту знаат да говорат друг јазик, освен својот дијалект, а уште помалку умеат да склопат реченица.

■ **Со оглед на фактот дека луѓето ги бираат своите водачи, не можам а да не (си) го поставам дефетистичкото прашање: имаме ли ние, како човечки материјал, воопшто капацитет за создавање држава?**

- Денес прилично распространетата дилема дали ние воопшто имаме капацитет за создавање држава ја сметам за мошне злонамерна, манипулативна, губитничка. Ставајќи се себеси уште во стартот на една губитничка позиција, доделувајќи си улога на историски недокваакан субјект – се однесуваме мошне неодговорно токму кон она, за кое наводно, но изгледа само реторички се држиме! Нашата држава не е „политичка творба“ или вештачка конструкција, колку и да сакаат во тоа да не убедат нашите за жал непријателски настроени соседи.

Иако сме имале политички несреќна историја, сега се наоѓаме пред целосната одговорност – не само да ја сочуваме, туку уште повеќе да ја унапредиме нашата, тешко стекнатата држава. Затоа сметам дека на нашите луѓе попрво им треба и суштински им недостасува вистинско охрабрување во своите потенцијали. Патриотизмот меѓу другото подразбира континуирано подобрување на националната самодоверба, ментално закрепнување на нацијата, а не само тешко и продолжително труење и заплашување на луѓето со апокалиптични сценарија.

Навистина сме имале и такви, неодговорни политички елити, кои заради својот материјален интерес и нестивнатата алчност за власт, за позиции, за функции – продуцирале или подгревале нездрава атмосфера

**МАКЕДОНИЗАМ**

**Постојано гледаат да го замолчат македонизмот (да го направат субалтерен, правно обезгласен), да го превидат, небаре сме некои историски (или подобро национални) повторувачи**



**ЕВРОПА** Луѓето од Балканот со право негодуваат на констатацијата дека допрва треба да станат Европа. Тие отсекојпат тоа биле и сè уште се тоа. Европа. Но, проблемот се состои во манипулативната политичка заднина, во користољубивата и себична инструментализација на овој поим

и параноја меѓу луѓето. Но, имаме и поинакви можности на политичкото „мени" – таквите треба да ги препознаеме, да им дадеме должна поддршка, најважно од сè, да престанеме со дежурните сомнежи, подметнувања, сплетки – кои се дел од политичкото (не националното) подземје.

■ **Ова прашање го поставив во контекст на сериозната колективна фрустрација на немоќ: не можеме да направиме, ниту една, на пример, професионална телевизиска сапуница, да постинеме ниту еден вреден спортски резултат, па сè до фактот што гледаме како целото опкружување полека но сигурно ни бега по сите параметри. Не мислите ли дека враќањето кон митот на величината на Александар Македонски, на пример, е всушност политичка манипулација за лекување на колективните фрустрации?**

-Прашањето за идентитетот, да се разбереме, е многу покомплексно отколку што тоа изгледа во тривијалните меѓупартиски препукувања. Од една страна, стои горчливата вистина, дека обврзаноста на идентитет е „привилегија" на оспоруваните и политички помалку моќните земји/заедници – кои постојано мора да се докажуваат пред привилегираните моќници, сосема ослободени од проблемите на идентитетот. Оти, моќта е нивниот идентитет.

Од друга страна, Македонија и ден денеска, а не само во „клетото" минато, настојуваат да ја сведат, редуцираат само на гол географски поим (како што пред некој ден кажа и Дора Бакојани). Претворањето на една култура, односно нејзиното премолчување и претставување како природен (географски) резерват - е отпорано познат чин на колонизација. Тука нема играчки и оние кои не го сфатиле тоа, долготрајно и скапо ќе плаќаат.

Македонизмот е можеби еклатантен пример за тоа – постојано гледаат да го замолчат (да го направат субалтерен, правно обезгласен), да го превидат, небаре сме некои историски (или подобро национални) повторувачи. Ве молам, конфликтите на идентитетот нам ни се однадвор наметнати, а тие за жал значат огромна загуба или трошење на драгоцената енергија, но, можат дополнително да нè консолидираат, да нè направат поцврсти, подостојни на своето потекло.

Кога веќе го спомнувате Александар Македонски – сметам, дека ние имаме легитимно право повеќе и подлабоко да се интересираме за тој, досега запоставен или дискриминиран дел од нашата историја – тргнувајќи од елементарниот и нотoрен факт, дека ние - како народ и како држава - го носиме токму неговото презиме. Наша обврска би била и посериозно да поддржиме едно интердисциплинарно истражување на нашиот ономастички „бренд", првенствено, инвестирајќи во тоа сериозен научен потенцијал.

Отаде, за мене е многу чудно, жално ама и смешно, тоа што било каде во светот, освен овде, во Македонија – се смета за нормално, дозволено, политички непровокативно – посегнувањето по неговото име заради означување на некој локалитет. Тоа само ја подвлекува апсурдноста, но и слепилото, во кое си дозволуваат да се заплеткаат сите постоечки ЕУ бирократии.

■ **Во еден наш неодамнешен разговор го спомнавме Љубиша Мициќ и неговото надреалистичко движење „Зенитизам" (некаде во 30-тите години од минатиот век). Мотото на тоа движење беше „Балканизација на Европа", а поттекстот беше дека само нецивилизираните народи го носат напредокот, додека цивилизираните влегуваат во декаденција. Балканот, не како географска, туку како политичка категорија сè повеќе се намалува. На крајот, само Македонија ќе остане во него, па ќе разговараме за „македонизација на Европа". Каде и како го гледате овој однос: Балкан-Европа?**

- За односот Балкан-Европа веќе подолго време се интересирам и пишувам, зашто станува збор за еден долготраен, далекусежен, контроверзен феномен. Ако појдеме од неговата основна културолошка страна - ќе забележиме тешко објасниво двојство. Балканот е либидинален влог на Европа со суштински творечки потенцијали (во тоа несомнено е содржана и програмската определба на авангардистот Љ.Мициќ).

■ **Во секој случај Европа, повторно како политички термин, станува се поомразена. Поточно, се погласни се гласовите за прифаќање на некаков таканаречен руски тип на демократија, некаква полу-диктатура. Го губат ли западните вредности својот кредибилитет на ова подрачје?**

- Балканот е родното место на европската култура и цивилизација, па како таков заслужува поголем респект од моменталниот. Тој недостиг на респект, да не заборавиме, сепак, произлегува од една политичка коњуктура. Постои реална асиметрија меѓу „Европа" како географски, односно културен и „Европа" како политички поим – што има далекусежно влијание врз себе-вреднувањето на луѓето од овој регион. Тие со право негодуваат на констатацијата дека допрва треба да станат Европа. Тие отсекојпат тоа биле и сè уште се тоа. Европа. Но, проблемот се состои во манипулативната политичка заднина, во користољубивата и себична инструментализација на овој поим.

Тоа е класичен пример за – ориентализација – или „поисточнување" на Другиот, што повлекува низа неповолни последици. Пред се, инфериорноста, што му се припишува на Другиот како идеолошки жиг на неговото „источно" прогонство.

Од друга страна, генерално гледано, на Балканот - животот и парите сè уште не застанале во такво равенство, во какво што капитализмот би сакал да бидат. Сè уште е сочуван „магичниот реализам" на животот – што зрачи со неодолива свежест. Тоа не е безгрижна Аркадија, напротив, би рекла тоа е една поинаква, зорт Аркадија.

■ **Од друга страна, Љубиша Мициќ до крајот на животот остана некој чуден симпатизер на фашизмот... Сакам да кажам дека неговите тези, на некој перверзен начин, и мирисаат на фашизам. Можно ли е како одговор на споменатите фрустрации да се појави некоја идеја на некаков первертиран фашизам.**

- Кога веќе споменувате фашизам, потребна е негова повнимателна употреба во јавниот дискурс. Ми изгледа доста неодговорно, посебно меѓу македонските интелектуалци, толку лесно да се посегнува кон еден таков радикален, историски јасно означен атрибут. Фашизмот е најтешкиот можен, не само политички, туку и антрополошки мрак. Неговото пречесто или необразложено прилепување како бренд, освен што е историски неоправдано, на крај води кон негово – разводнување. ■

**ПАТРИОТИЗАМ**

**Патриотизмот меѓу другото подразбира континуирано подобрување на националната самодоверба, ментално закрепнување на нацијата, а не само тешко и продолжително труење и заструшување на луѓето со апокалиптични сценарија**

98